Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 77, 1 април 2012 година

април 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област музичка педагогија и народни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област цитологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Биланс на плаќања“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Селекција на растенијата“ (општ дел) од авторот проф. д-р Верица Илиева од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 3.11.2011 година донесе Одлука бр. 1902-127/12 за распишување на Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област ***пијано и методика на наставата по пијано*** на Факултетот за музичка уметност.

На 20.12.2011 година, Наставно-научниот уметнички совет донесе Одлука број 1902-146/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област ***пијано и методика на настава по пијано*** на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- проф. м-р Стела Слејанска-Стојаноска,
- вон. проф. д-р Милица Шкариќ,
- вон. проф. д-р Илчо Јованов.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 9.12.2011 г., за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано*, се пријави само еден кандидат: м-р Татјана Џорлева.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство;
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:
Кандидат: м-р Татјана Џорлева
Пријава: има
Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд:
Потврда за странски јазик: има
Кратка биографија: има
Список на трудови/концерти (член 127): има
Уверение за државјанство: има
Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија: има

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Татјана Џорлева** е родена во Штип, каде што завршува основно и средно музичко образование. Додипломските и магистерските студии по пијано ги завршува во Скопје на Факултетот за музичка уметност во класата на проф. Стела Слејанска-Стојаноска. Во моментов е на докторски студии по пијано во истата класа, а научноистражувачката дејност на докторатот ја работи под менторство на проф. Димитрије Бужаровски. Во нејзини професионални активности се вбројуваат учества на семинари и мастер класи во Македонија, Италија, Австрија, Србија, каде што соработува со врвни уметници: проф. Aquilles Delle Vigne, Marccela Crudeli, Natasha Veljkovic итн. Настапува како солист и како член на дуо пијано во Франција, Италија, Србија, Бугарија, Македонија и др. Активен член е на повеќе камерни состави на национално и меѓународно ниво.

Добитник е на повеќе републички, како и меѓународни награди. Посебно се издвојува прва награда и златен медал во категорија четири раце на интернационалниот Музички фестивал „Култура и музика" Барлета-Италија. Има освоено две први републички награди, втора награда на републички натпревар за четири раце, како и втора награда на Меѓународниот натпревар „Интерфест" – Битола.

Има остварено соработки со голем број македонски композитори (Бужаровски, Коларовски, Зогравски, Гајдов), како и повеќе снимки реализирани за „ИРАМ" на ФМУ - Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2004 до 2007 година работи како професор по пијано во средното музичко училиште „Сергеј Михајлов" – Штип. Во периодот 2004/2005 год. работи како демонстратор по пијано на ФМУ – Скопје. Од 2007 година работи како доцент по пијано, камерна музика и методика на пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На истиот факултет го предава и предметот Историја на пијанизмот 2. За предметот Методика на наставата по пијано 2, Џорлева има изготвено скрипта за која има користено богата литература од релевантни автори од обласа.

Џорлева од 2008 година е раководител на Вокално-инструменталниот оддел и воедно раководител на студенти по пијано на студентски концертни манифестации. Нејзините студенти по пијано редовно настапуваат на разни видови концерти.

Џорлева е рецензент на еден соработник и еден наставник на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2007 до 2011 година, Џорлева реализираше успешно 14 солистички и камерни концерти во признати сали во земјава и во странство. Концертите се наведени подолу:

1. 12.10.2007 година, "Balkan Classical Music Festival" – Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
2. 2.5.2009 година, Интернационален музички фестивал „Култура и музика" -Барлета (Италија) - концерт за 4 раце на Џорлева-Потевска;
3. 26.10.2009 година, Музички фестивал „Охрид те сакам" - Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
4. 29.10.2009 година, Концертна сала ФМУ - Штип, Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
5. 3.11.2009 година, Концертна сала ФМУ – Скопје, Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
6. 30.3.2010 година, Концертна сала ФМУ-Штип, Концерт по повод *Денови на франкофонијата* (вечер на Шопен по повод 200 години од раѓањето на Шопен), во соработка со Францускиот културен центар „Жан Моне";
7. 23.4.2010 година, Концертна сала ФМУ - Ниш (Србија)- целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
8. 24.4.2010 година, Музичка школа „Исидора Бајич" – Нови Сад (Србија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;

9. 25.4.2010 година, Арт студио – Шабац (Србија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
10. 4. 2010 година „Земјата и хората” - Софија (Бугарија), Целовечерен концерт на дуо пијано Џорлева-Потевска;
11. 18.11.2010 година, Музеј на Град Скопје, концерт по повод доделување на Француското одликување „Академски палми” на професор Стела Слејанска;
12. 23.6.2011 година, Концертна сала ФМУ – Скопје, Солистички концерт;
13. 5.7.2011 година, Balkan classical music festival “Modoars”, концертна сала ФМУ-Штип, Целовечерен солистички концерт;
14. 21.1.2012 година, Црква „Св. Северин” - Париз (Франција), Целовечерен солистички концерт.

***Стручно-апликативна дејност***

Џорлева е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Џорлева редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по пијано при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Татјана Џорлева, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област пијано и методика на настава по пијано на Факултетот за музичка уметност наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да кандидатката **доцент м-р Татјана Џорлева се избере во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Стела Слејанска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Милица Шкариќ, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Татјана Џорлева, доцент на Факултетот за музичка уметност, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Наставно-образовна дејност** | **во земјава** | **во странство** |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | **8x1=8** | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | **9x1=9** | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | **45** | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | **2x1=2** | |
| | Вкупно поени | **64 од вкупно** | **30** |

| | | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **во земјава** | **во странство** |
| 1. | Изведба на целовечерен солистички концерт во призната сала или фестивал (2 во земјата и 1 во странство) | **6x2=12** | **8x1=8** |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (4 целовечерни камерни концерти во признати сали во земјава и 5 во странство) | **3x4=12** | **6x5=30** |
| 7. | Едно секциско предавање на научен собир и еден музички настап на официјален концерт (настап на камерен концерт во траење од 20 мин.) | **2x2=4** | |
| | Вкупно поени | **66 од потребни** | **35** |

| | | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **во земјата** | **во странство** |
| 19. | Стручни награди и признанија | | **8** |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | **8x2=16** | |
| | Вкупно поени | **24 од потребни** | **7** |